СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.	Вторник, 1 април 2003 Скопје Број 23 Год. LIX	Претплатата за 2003 година изнесува 9.200 денари. Овој број чини 650 денари. Жиро сметка 300000000188798

584.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за Царинската тарифа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 март 2003 година.

Бр. 07-1375/1
25 март 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Со овој закон и Царинската тарифа која е негов составен дел, се пропишуваат:

1. Правилата за начинот на пресметка на царината;
2. Системот на имиња на стоката која се увезува, внесува или прима во царинското подрачје на Република Македонија, односно извезува, изнесува или испраќа од царинското подрачје на Република Македонија распореден по оддели и глави на Царинската тарифа;
3. Системот на нумеричко означување на стоката (тарифни броеви и тарифни ознаки) во Царинската тарифа;
4. Правилата за распоредување на стоката во тарифни броеви и тарифни подброеви, како и тарифни ставови на Царинската тарифа;
5. Царинските давачки кои се применуваат и
6. Задолжителните единечни мерки за сите тарифни ознаки, во зависност од видот на стоката што се извезува, односно увезува.

Член 2

Царинските давачки кои се определени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон, се применуваат за стоката со потекло од земјите членки на Светската трговска организација, земјите со кои Република Македонија има склучено договори во кои е содржана клаузулата за најповластена нација или со земјите кои оваа клаузула ја применуваат на стоката со потекло од Република Македонија.

За стоката со потекло од земјите со кои Република Македонија има склучено договори за преференцијални трговски режими, се применуваат царинските давачки кои се определени со тие договори.

За стоката со потекло од земјите кои не се наведени во ставовите 1 и 2 на овој член, се применуваат царинските давачки кои се за 70% повисоки од царинските давачки определени со овој закон, а за стоката за која е определена царинска давачка "слободно"("сл") се применува царинската давачка од 30%. Владата на Република Македонија ги определува земјите на кои се применуваат одредбите од овој став.

Член 3

Царинската давачка се пресметува со примена на стапката која е определена во колоната број 3 од Царинската тарифа, на царинската вредност на стоката.

По исклучок, на стоката за која во колоната број 3 на Царинската тарифа е определен и износ на царинска давачка по единечна мерка, на пресметаната царинската давачка од ставот 1 на овој член се додава и износот на царината по единечна мерка пресметана врз основа на количината на стоката која се увезува.

Вкупниот износ на царината пресметан со примена на ставовите 1 и 2 на овој член не смее да го надминува износот на царината пресметан на царинската вредност на стоката со примената на стапката "мах." означена во колоната број 3 на Царинската тарифа.

Ако вкупно пресметаниот износ на царината од ставовите 1 и 2 на овој член е поголем од највисоко дозволениот износ на царина од став 3 на овој член, ќе се наплати највисоко дозволениот износ на царина. Ако вкупно пресметаниот износ на царина од ставовите 1 и 2 на овој член е помал од највисоко дозволениот износ на царина, ќе се наплати износот на царина од ставовите 1 и 2 на овој член.

Пресметувањето на еврото во домашна валута, за определување на износот на царина кога царинската давачка е изразена по единечна мерка, ќе се врши според курсот утврден на денот на настанување на царинскиот долг, во согласност со прописите за девизното работење.

Член 4

Владата на Република Македонија во тековната година ја усогласува Царинската тарифа за наредната година согласно со превземените обврски од Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација и ја објавува во "Службен весник на Република Македонија", најдоцна до 30 ноември во тековната година.

Член 5

Владата на Република Македонија може да го менува, односно дополнува системот на имиња и нумерички ознаки во Царинската тарифа, како и задолжителните единечни мерки, согласно Законот за ратификација на Конвенцијата за хармонизиран систем на имиња, шифри и ознаки на стоките.

Член 6

Производи кои привремено се увезуваат заради облагородување, можат на барање на декларантот, да се распоредат во тарифната ознака на главните и споредните добиени производи во процесот на облагородување.

Член 7

За несоставени производи или за производи во разглобена состојба чии делови се увезуваат сукцесивно, преку една или повеќе царинарници може, на барање на декларантот, да се распоредат во тарифната ознака за составениот производ, со примена на стапка на царина за составениот финален производ.

Постапката на царинење на производите од став 1 на овој член ја пропишува министерот за финансии.

Член 8

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за Царинската тарифа ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 45/97, 61/97, 26/98, 15/01, 16/01, 104/01, 21/02 и 90/02).

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 4 април 2003 година.

ЦАРИНСКА ТАРИФА

ОСНОВНИ ПРАВИЛА ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА НОМЕНКЛАТУРА

Распоредувањето на стоките во номенклатурата ќе се врши според следниве основни правила:

1. Имињата на одделите, главите и разделите се дадени само заради полесно снаоѓање при распоредувањето. За правни цели, распоредувањето на стоките ќе се врши според наименувањата на тарифните броеви и според забелешките кон соодветните оддели или глави, или според подолу наведените правила, ако тие не се во спротивност со содржината на тарифните броеви или на забелешките кон одделите и главите.

2. (а) Како производ што е наведен или опфатен во наименувањето на тарифниот број се смета и производот кој е некомплетен или недовршен, под услов при царинењето да има суштествени својства на комплетен или довршен производ. Тарифниот број исто така го опфаќа тој производ, комплетен или довршен (или производ што се распоредува како комплетен или довршен со примена на ова правило), ако се царини несоставен или во разглобена состојба.

(б) Под материјал или материја од наименувањето на тарифниот број се подразбира таков материјал или материја во чиста состојба или комбиниран односно измешан со друг материјал или материја. Под производ од определен материјал или материја се подразбира и тој производ, изработен во целост или делумно од ист материјал или материја. Производите што се состојат од два или повеќе материјали или материи ќе се распоредат со примена на основното правило 3.

3. Производите што со примена на правилото 2 (б) или од други причини на прв поглед би можеле да се распоредат во два или повеќе тарифни броеви, ќе се распоредат на следниов начин:

(а) тарифниот број што има најконкретно или најблиско наименување на производ има предност во однос на тарифните броеви со поопшто наименување на производите. Меѓутоа, ако наименувањата на два или повеќе тарифни броеви се однесуваат само на дел од материјалите или материите содржани во мешани или сложени производи или само на дел од компонентите подготвени како сет за малопродажба, наименувањата на тие тарифни броеви ќе се сметаат подеднакво конкретни, и кога едниот од нив има покомплетно или попрецизно наименување на производот.

(б) мешаници, сложени производи кои се состојат од различни материјали или кои се изработени од различни компоненти односно состојки, и производи подготвени во сетови за малопродажба, кои не можат да се распоредат со примена на правилото 3 (а), ќе се распоредат како да се состојат од материјалот или компонентата која им дава суштествен карактер, ако овој критериум може да се примени.

(в) ако производите не можат да се распоредат со примена на правилата 3 (а) или 3 (б), тие ќе се распоредат во тарифниот број кој се јавува последен во нумеричкиот редослед меѓу оние тарифни броеви кои поради важноста треба подеднакво да се земат предвид.

4. Производите кои не можат да се распоредат со примена на горенаведените правила, ќе се распоредат во тарифниот број предвиден за производот кој му е најсличен на тој производ.

5. Покрај претходните одредби, следниве правила ќе се применат за следниве производи:

(а) футроли за фотографски апарати, музички инструменти, пушки и револвери, кутии за циркли, кутии за ѓердани и слични контејнери, специјално обликувани или дотерани за определен производ или сет на производи, погодни за долготрајна употреба и испорачани со производите за кои се наменети, ќе се распоредат со тие производи под услов вообичаено да се продаваат со тие производи. Меѓутоа, ова правило не се применува на контејнерите кои на целината (производ со контејнер) и даваат суштествен карактер.

(б) согласно со одредбите на правилото 5 (а), материјалот за пакување и контејнерите за пакување (амбалажа) што се испорачуваат со производи во нив, ќе се распоредат заедно со тие производи ако е вообичаено да се користат за пакување на тие производи. Меѓутоа, оваа одредба не се применува за материјалот за пакување или за контејнерите за пакување ако е очигледно дека се погодни за повеќекратна употреба.

6. За правни цели, распоредувањето на стоките во тарифни подброеви во рамките на еден тарифен број ќе се врши според наименувањата на тие тарифни подброеви и забелешките за тие тарифни подброеви,како и според горенаведените правила (мутатис мутандис), со тоа што споредување на тарифните подброеви може да се врши само на исто ниво на расчленување. Во смисла на ова правило се применуваат и забелешките кон одделите и главите, освен ако со содржината на текстовите поинаку не е пропишано.

ОДДЕЛ I

ЖИВИ ЖИВОТНИ; ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Забелешки:

1. Повикувањето во овој оддел на одделен род или вид животни, освен ако од текстот поинаку не произлегува, се однесува и на младенчињата од тој род или вид.

2. Одредбата што се однесува на "сушени" производи во номенклатурата, ги опфаќа и производите што се дехидрирани, евапорирани или лиофилизирани, освен ако во текстот поинаку не е определено.

ГЛАВА 1

ЖИВИ ЖИВОТНИ

Забелешка:

1. Оваа глава ги опфаќа сите живи животни, освен:

(а) риби и черупкари, мекотелци и други водни безрбетници од тар. броеви 0301, 0306 или 0307;

(б) култури од микроорганозми и други производи од тар. број 3002; и

(в) животни од тар. број 9508.

Тар. озн.	Наименување	Цар. стапка %	Ед. мер.
(1)	(2)	(3)	(4)
0101	**Коњи, магариња, маски и мулиња, живи:**		
0101 10	**-Чисти раси за приплод:**		
0101 10 10 00	--Коњи	сл	п
0101 10 90 00	--Други	сл	п
0101 90	**-Други:**		
	--Коњи:		
0101 90 11 00	---За колење	сл	п
0101 90 19 00	---Други	сл	п
0101 90 30 00	--Магариња	сл	п
0101 90 90 00	--Маски и мулиња	сл	п
0102	**Живи животни, вид говеда:**		
0102 10	**-Чисти раси за приплод:**		
0102 10 10 00	--Јуници (женски говеда кои никогаш не се отелиле)	сл	п
0102 10 30 00	--Крави	сл	п
0102 10 90 00	--Други	сл	п
0102 90	**-Друго:**		
	--Домашни видови:		
0102 90 05 00	---Со маса што не надминува 80 кг	сл	п
	---Со маса што надминува 80 кг но не надминува 160 кг:		
0102 90 21 00	----За колење	5	п
0102 90 29 00	----Други	5	п
	---Со маса што надминува 160 кг но не надминува 300 кг:		
0102 90 41 00	----За колење	10	п
0102 90 49 00	----Други	10	п
	---Со маса што надминува 300 кг:		
	----Јуници (женски говеда кои никогаш не се отелиле):		
0102 90 51 00	-----За колење	15	п
0102 90 59 00	-----Други	10	п
	----Крави:		
0102 90 61 00	-----За колење	15	п
0102 90 69 00	-----Други	10	п
	----Други:		
0102 90 71 00	-----За колење	15	п
0102 90 79 00	-----Други	10	п
0102 90 90 00	--Други	10	п
0103	**Свињи живи:**		
0103 10 00 00	**-Чисти раси за приплод**	сл	п
	-Други:		

0103 91	**--Со маса помала од 50 кг:**		
0103 91 10 00	---Домашни видови	сл	п
0103 91 90 00	---Други	сл	п
0103 92	**--Со маса од 50 кг или поголема:**		
	---Домашни видови:		
0103 92 11 00	----Свињи, кои се опрасиле најмалку еднаш, со маса не помала од 160 кг	5+0,44 eур/кг max.66	п
0103 92 19 00	----Други	5+0,44 eур/кг max.66	п
0103 92 90 00	---Други	5+0,44 eур/кг max.56	п
0104	**Овци и кози, живи:**		
0104 10	**-Овци:**		
0104 10 10 00	--Чисти раси за приплод	сл	п
	--Други:		
0104 10 30 00	---Јагниња со старост до една година	35	п
0104 10 80 00	---Други	35	п
0104 20	**-Кози:**		
0104 20 10 00	--Чисти раси за приплод	сл	п
0104 20 90 00	--Други	35	п
0105	**Живина, домашна, жива, живина од видот Gallus domesticus, пајки, гуски, мисирки и морки:**		
	-Со маса не поголема од 185 г:		
0105 11	**--Живина од видот Gallus domesticus:**		
	---Дедовски и родителски женски пилиња:		
0105 11 11 00	----Несилки	сл	п
0105 11 19 00	----Други	10	п
	---Други:		
0105 11 91 00	----Несилки	сл	п
0105 11 99 00	----Други	10	п
0105 12 00 00	**--Мисирки**	15	п
0105 19	**--Друго:**		
0105 19 20 00	---Гуски	15	п
0105 19 90 00	---Пајки и морки	15	п
	-Други:		
0105 92 00 00	**--Живина од видот Gallus domesticus со маса не поголема од 2000 г**	15	п
0105 93 00 00	**--Живина од видот Gallus domesticus со маса поголема од 2000 г**	15	п
0105 99	**--Друго:**		
0105 99 10 00	---Пајки	15	п
0105 99 20 00	---Гуски	15	п
0105 99 30 00	---Мисирки	15	п
0105 99 50 00	---Морки	15	п
0106	**Други животни, живи:**		
	-Цицачи:		
0106 11 00 00	**--Примати**	сл	п
0106 12 00 00	**--Китови, делфини и морски прасиња (цицачи од видот Cetacea); морски крави (цицачи од видот Sirenia)**	сл	п
0106 19	**--Други:**		
0106 19 10 00	---Домашни зајаци	сл	п
	---Други:		
0106 19 90 10	----Кучиња и мачки	сл	п
0106 19 90 90	----Други	сл	п
0106 20 00 00	**-Влекачи (вклучувајќи змии и желки)**	сл	п
	-Птици:		
0106 31 00 00	**--Птици грабливки**	сл	п
0106 32 00 00	**--Папагали (вклучувајќи обични папагали, мали долгоопашести папагали, макао и какаду)**	сл	п
0106 39	**--Други:**		
0106 39 10 00	---Гулаби	сл	п
0106 39 90 00	---Други	сл	п
0106 90	**-Други:**		
0106 90 00 50	--Пчели	5	п
0106 90 00 90	--Други	сл	п

ГЛАВА 2

МЕСО И ДРУГИ КЛАНИЧНИ ПРОИЗВОДИ ЗА ЈАДЕЊЕ

Забелешка:

1. Оваа глава не опфаќа:

(а) производи од видовите опишани во тар. броеви 0201 до 0208 или 0210, неупотребливи за човечка исхрана;

(б) црева, бабулиња или желудоци на животни (тар. број 0504) или животинска крв (тар. број 0511 или 3002); или

(в) маснотии од животинско потекло, освен производите од тар. број 0209 (Глава 15).

Дополнителни забелешки:

1. А. Дадените изрази го имаат следново значење:

(а) "говедски трупови" од тар. подброеви 0201 10 и 0202 10 се цели трупови на заколени животни, откако им е истечена крвта, изваден дробот и бидејќи се одерени, врзани со глава или без глава, со црева или без црева. Ако труповите се увезуваат без глави, главата мора да биде одвоена од трупот на atloido-occipital пршлен, а ако се увезуваат без црева, цревата мора да бидат исечени на carpo-metacarpal или tarso-metatarsal зглобови. Труп, вклучува и преден дел на трупот, кој ги опфаќа сите коски со повеќе од десет пара ребра;

(б) "говедски полутки" од тар. подброеви 0201 10 и 0202 10, се производи кои се добиваат со симетрично разделување на трупот низ центарот на секој вратен, граден, слабински и крстен пршлен и низ центарот на градната коска и ишио-пубичниот состав. Полутка, вклучува и преден дел на полутката кој ги опфаќа сите коски, вратот и плешките со повеќе од десет пара ребра;

(в) "компензирани четврти" од тар. подброеви 0201 20 20 00 и 0202 20 10 00, се делови кои се состојат од:

-предни четврти, кои ги опфаќаат сите коски, вратот и плешката, а се сечени кај десеттото ребро; и задни четврти кои ги опфаќаааат сите коски, бутот и печеницата, а се сечени кај третото ребро, или

-предни четврти, кои ги опфаќаат сите коски, вратот и плешката, а се сечени кај петтото ребро, со додадени цели слабини и гради; и задни четврти кои ги опфаќаат сите коски, бутот и печеницата, а се сечени кај осмото ребро.

Предни четврти и задни четврти, кои сочинуваат компензирани четврти мора да се увезуваат во исто време и мора да се согласуваат по број, а вкупната маса на предните четврти, мора да биде иста како масата на задните четврти. Разлика во маса меѓу два дела на пратката е дозволена под услов да не преоѓа 5% од масата на потешкиот дел (предна четврт или задна четврт);

(г) "неодвоени предни четврти", од тар. ознаки 0201 20 30 00 и 0202 20 30 00, се предни делови на трупот, кои ги опфаќаат сите коски, вратот и плешката, со најмалку четири пара ребра и најмногу десет пара ребра (првите четири пара мора да бидат цели, другите можат да бидат сечени);

(д) "одвоени предни четврти" од тар. ознаки 0201 20 30 00и 0202 20 30 00, се предни делови на полутката, кои ги опфаќаат сите коски, вратот и плешката, со најмалку четири пара ребра и најмногу десет пара ребра (првите четири пара мора да бидат цели, другите можат да бидат сечени);

(ѓ) "неодвоени задни четврти" од тар. ознаки 0201 20 50 00 и 0202 20 50 00, се задни делови на трупот, кои ги опфаќаат сите коски, бутот и печеницата, вклучувајќи и филе со најмалку три пара на цели или сечени ребра, со голењача или без неа, со слабина или без слабина;

(е) "одвоени задни четврти" од тар. ознаки 0201 20 50 00 и 0202 20 50 00, се задни, делови на полутката, кои ги опфаќаат сите коски, бутот и печеницата, вклучувајќи и филе со најмалку три пара на цели или сечени ребра со голењача или без неа, со слабина или без слабина;

(ж) 11. "сечени говедски делови меѓу вратот и ребрата", од тар. ознака 0202 30 50 00: горен дел од предна четврт, вклучувајќи го горниот дел на плешката, добиен од четврт со минимум четири ребра и максимум од 10 ребра пресечен долж правата линија низ точката каде што првото ребро се поврзува со првиот граден дел до точката на рефлексија на дијафрагмата на десеттото ребро;

22. "парчиња гради", од тарифен ознака 0202 30 50 00: долен дел на предна четврт кој го сочинува средниот и крајниот дел од градите.

Б. Производите опфатени со Дополнителните забелешки 1А. (а) до (е) кон оваа Глава можат да бидат пријавени со или без рбет.

В. Во одредување на бројот на цели или сечени ребра, во врска со Дополнителната забелешка 1 А, ќе се земат во предвид само ребрата кои се споени со рбетот. Ако рбетот е отстранет, ќе бидат земени во предвид само целите или сечени ребра кои инаку би биле бидат споени со рбетот.

2. А. Дадените изрази го имаат следново значење:

(а) "трупови и полутки" од тар. ознаки 0203 11 10 00 и 0203 21 10 00, се трупови на заколени домашни свињи, од кои е истечена крвта, кои се исчистени од дробот и од кои се отстранети чекињата и цревата. Полутките се добиени од цели трупови, со делење низ центарот на секој вратен, грбен, слабински или крстен пршлен и низ центарот на градната коска и ишио-пубичниот состав. Труповите и полутките, можат да бидат со глава или без глава, со долни образи или без долни образи, со црева или без црева, со сало или без сало, со бубрези или без бубрези, со опашка или без опашка, со дијафрагма или без дијафрагма. Полутките можат да бидат со ѓрбетна срж, со мозок и јазик или без нив. Труповите и полутките од свињите за крмење можат да бидат со виме или без виме (млечни жлезди);

(б) "бутови" (нозе), од тарифни ознаки 0203 12 11 00, 0203 22 11 00, 0210 11 11 00 и 0210 11 31 00: задниот (опашката) дел од полутката вклучувајќи коски, со или без стапала, со или без потколеница, со или без кора или со или без поткожно сало.

Бутот (ногата) е одвоен од остатокот од полутката така што го вклучува, најмногу, последниот слабински пршлен;

(в) "предни делови", од тарифни ознаки 0203 19 11 00, 0203 29 11 00, 0210 19 30 00 и 0210 19 60 00: предниот (черепен) дел од полутката без глава, со или без долни образи, вклучувајќи коски, со или без стапала, со или без потколеница, со или без кора или со или без поткожно сало.

Предниот дел е одвоен од остатокот од полутката така што го вклучува, најмногу петтиот грбен пршлен.

Горниот (грбен) пршлен од предниот дел, без разлика дали содржи или не лопатна коска и мускулите кои одат со нејзе (дел од врат во свежа состојба или клучна коска во саламура), се смета за парче од слабината, кога е одделен од долниот (стомачен) дел од предниот дел, најмногу со сечење под стомачниот дел;

(г) "плешки", во смисла на тарифните ознаки 0203 12 19 00, 0203 22 19 00, 0210 11 19 00 и 0210 11 39 00: долниот дел од предниот дел без разлика дали содржи лопатна коска и мускулите кои одат со нејзе, вклучувајќи коски, со или без стапало, со или без потколеница, со или без кора или со или без поткожно сало.

Лопатната коска и мускулите кои одат со плешката одделно претставени ќе останат да бидат класифицирани во овој тарифен подброј како дел од плешката;

(д) "слабини ", во смисла на тарифените ознаки 0203 19 13 00, 0203 29 13 00, 0210 19 40 00 и 0210 19 70 00: горниот дел од полутката, кој се протега од првиот вратен пршлен до пршленот на опашката, вклучувајќи коски, со или без говедска печеница, со или без лопатна коска, со или без поткожно сало или со или без кора.

Слабината е одделена од долниот дел на полутката со сечење под стомачниот дел;

(ѓ) "трбушнини", во смисла на тарифните ознаки 0203 19 15 00, 0203 29 15 00, 0210 12 11 00 и 0210 12 19 00: долниот дел на полутката, меѓу бутот (ногата) и плешката, вообичаено познат како "месест дел", со или без коска, но со кора и поткожно сало;

(е) "сланини", во смисла на тар. ознака 0210 19 10 00: свинска полутка без глава, јаболчница, муцка, стапала, опашка, сало, бубрези, печеница, лопатна коска, градна коска, стомачен дел, карлична коска и дијафрагма;

(ж) "половинки сланина без месо", во смисла на тар. ознаки 0210 19 10 00: сланината без бутот, со или без коска;

(з) "тричетвртински страни", во смисла на тар. ознаки 0210 19 20 00: сланината без предниот дел, со или без коска;

(ѕ) "средни делови", во смисла на тар. ознака 0210 19 20 00: сланината без бутот и предниот дел, со или без коска.

Тарифниот подброј исто така вклучува исечоци од средни делови кои што содржат слабинско и стомачно ткиво во природен сооднос.

Б. Парчињата од деловите дефинирани во забелешка 2 А (ѓ) се опфатени во истите тар. броеви само ако содржат кора и поткожно сало.

Ако парчињата што се опфатени во тар. ознаки 0210 11 11 00 и 0210 11 19 00 како и 0210 11 31 00, 0210 11 39 00, 0210 19 30 00 и 0210 19 60 00 се добиени од сланина од која што коските од забелешка 2 А (е) се отстранети, линиите по кои се сечени се дефинирани во забелешка 2 А (б), (в) и (г) соодветно; во секој случај овие парчиња се со коски.

В. Тар. ознаки 0206 30 30 00, 0206 49 20 00 и *0210 99 49 00* треба да вклучуваат, особено, глави или половинки од глави од домашни свињи, со или без мозок, јаболчници или јазици, и нивни делови.

Главата е одделена од остатокот од полутката како следи:

- со право сечење паралелно кон черепот; или

- со сечење паралелно кон черепот до нивото на очите, а потоа се отклонува кон предниот дел на главата, така да образите остануваат споени на полутката

Се сметаат како парчиња од главите меѓу другото образите, рилките, ушите и месото кое припаѓа на главата како и месото зад черепот. Меѓутоа парчињата месо без коски претставени сами кои припаѓаат на предната страна (делот од грлото - дел рамо, дел од грло наречен долни образи или делот кој ѓи опфаќа долните образи и делот од грлото - дел рамо), се распоредуваат во тар. ознаки 0203 19 55 00, 0203 29 55 00, 0210 19 51 00 или 0210 19 81 00, во зависност од случајот.

Г. Во тар. ознаки 0209 00 11 00 и 0209 00 19 00, "поткожно свинско сало" ќе го има значењето на масни ткива кои се таложат под кожата на свињата и се лепат за неа, независно од кој дел на свињата доаѓаат; во секој случај, тежината на масното ткиво треба да ја надминува тежината на кожата.

Овие тарифни подброеви, исто така, го вклучуваат поткожното свинско сало, од кое е отстранета кожата.

Д. Во тар. ознаки 0210 11 31 00, 0210 11 39 00, 0210 12 19 00 и 0210 19 60 00 до 0210 19 89 00, производите кај кои сооднесот на вода/протеин во месото (содржина на азот x 6,25) е 2,8 или помалку, ќе се сметаат за "сушени или чадени". Содржината на азот ќе се одреди според ISO методата 937-1978.

А. Во тар. број 0204, дадените изрази го имаат следново значење:
(а) "трупови" од тар. подброеви 0204 10, 0204 21, 0204 30, 0204 41, 0204 50 11 00 и 0204 50 51 00, се цели трупови на заколени животни, откако им е истечена крвта и откако се исчистени од дробот и одрани со глава или без глава, со црева или без црева, и со придодадени други остатоци или без нив. Ако труповите се увезуваат без глави, главата мора да биде одвоена од трупот на atloido-

occipital пршлен, а ако се увезуваат без црева, цревата мораат да бидат отсечени на carpo-metacarpal или на tarso-metatarsal зглобови;

(б) "полутки" од тар. подброеви 0204 10, 0204 21, 0204 30, 0204 41, 0204 50 11 00 и 0204 50 51 00 се производи, кои се добиени со симетрична поделба на целиот труп низ центарот на секој вратен, грбен, слабински или крстен пршлен, низ центарот на градната коска и низ ишио-пубичниот состав;

(в) "кратки предни четврти", од тар. ознаки 0204 22 10 00, 0204 42 10 00, 0204 50 13 00 и 0204 50 53 00: преден дел на трупот без или со гради, вклучувајќи ги сите коски и плешки, врат и среден врат, засечени на десните краеви од ѓрбетот со минимум пет и максимум седум пара цели или сечени ребра;

(г) "кратки предни четврти" во смисла на тар. ознаки 0204 22 10 00, 0204 42 10 00, 0204 50 13 00, и 0204 50 53 00: преден дел од полутката со или без гради вклучувајќи ги сите коски од предниот бут, долниот и средниот дел од вратот исечен под прав агол со ѓрбетот со најмалку пет и најмногу седум цели или исечени ребра;

(д) "месо од ѓрбет и/или крајот од реброто од врат", од тар. ознаки 0204 22 30 00, 0204 42 30 00, 0204 50 15 00 и 0204 50 55 00: другиот дел од трупот откако бутот и кратките предни четврти се отстранети со или без бубрези; кога месото од ѓрбетот ќе се одвои од крајот од реброто од вратот, мора да содржи минимум пет слабински прешлени; кога крајот од реброто од вратот ќе се одвои од месото од ѓрбетот, мора да содржи минимум пет пара цели или исечени ребра;

(ѓ) "месо од ѓрбет и/или крајот од реброто од врат", од тар. ознаки 0204 22 30 00, 0204 42 30 00, 0204 50 15 00 и 0204 50 55 00: другиот дел од полутката откако бутот и кратките предни четврти се отстранети со или без бубрези; кога месото од ѓрбетот ќе се одвои од крајот од реброто од вратот мора да содржи минимум пет слабински прешлени; кога крајот од реброто од вратот ќе се одвои од месото од ѓрбетот мора да содржи минимум пет цели или исечени ребра;

(е) "нозе", од тар. ознаки 0204 22 50 00, 0204 42 50 00, 0204 50 19 00 и 0204 50 59 00: преден дел од трупот кој го сочинуваат сите коски и нозе и исечен на десниот крај до ѓрбетот кај шестиот слабински прешлени веднаш под илиумот или кај четвртиот крстен прешлен преку средината на илиумот, пред неподвижниот дел на седалото-срамната коска (ишио-пубичниот состав);

(ж) "нозе", од тар. ознаки 0204 22 50 00, 0204 42 50 00, 0204 50 19 00 и 0204 50 59 00: преден дел од полутката кој го сочинуваат сите коски и нозе и исечен на десниот крај до ѓрбетот кај шестиот слабински прешлени веднаш под илиумот или кај четвртиот крстен першлен преку средината на илиумот, пред неподвижниот дел на седалото-срамната коска (ischio-pubic symphysis).

Б. При одредување на бројот на цели или исечени ребра за кој стана збор во забелешка 3 А, само оние прицврстени за ѓрбетот ќе се земат предвид.

4. Следниве изрази ќе го имаат значењето кое им е дадено подолу:
(а)"парчиња живина, со коска", од тар. ознаки 0207 13 20 00 до 0207 13 60 00, 0207 14 20 00 до 0207 14 60 00, 0207 26 20 00 до 0207 26 70 00, 0207 27 20 00 до 0207 27 70 00, 0207 35 21 00 до 0207 35 63 00 и 0207 36 21 00 до 0207 36 63 00: парчињата набројани тука, вклучувајќи ги сите коски.
Парчињата живина за кои стана збор во (а) кои се делумно со коска, потпаѓаат под тарифен подброј 0207 13 70 00, 0207 14 70 00, 0207 26 80 00, 0207 35 79 00, или 0207 36 79 00;

(б) "половини", од тар. ознаки 0207 13 20 00, 0207 14 20 00, 0207 26 20 00, 0207 27 20 00, 0207 35 21 00, 0207 35 23 00, 0207 35 25 00, 0207 36 21 00, 0207 36 23 00 и 0207 36 25 00: половини од трупови живина, добиени со должинско сечење долж градната коска и ѓрбетот;

(в) "четврти", од тар. ознаки 0207 13 20 00, 0207 14 20 00, 0207 26 20 00, 0207 27 20 00, 0207 35 21 00, 0207 35 23 00, 0207 35 25 00, 0207 36 21 00, 0207 36 23 00 и 0207 36 25 00: четврти од нозе или четврти од гради, добиени со дијагонално сечење на половината;

(г) "цели крила, со или без врвови", од тар. ознаки 0207 13 30 00, 0207 14 30 00, 0207 26 30 00, 0207 27 30 00, 0207 35 31 00 и 0207 36 31 00: парчиња живина кои содржат надлактица, подлактица и лактна коска, заедно со мускулатурата околу нив. Врвот, вклучувајќи ги коските на рачниот зглоб, може да се отстранети или не. Сечењето треба да е направено кај зглобовите;

(д) "гради", од тар. ознаки 0207 13 50 00, 0207 14 50 00, 0207 26 50 00, 0207 27 50 00, 0207 35 51 00, 0207 35 53 00, 0207 36 51 00 и 0207 36 53 00: парчиња живина кои се состојат од градната коска и ребрата, распоредени на двете страни, заедно со мускулатурата околу нив;

(ѓ) "нозе", од тар. ознаки 0207 13 60 00, 0207 14 60 00, 0207 35 61 00, 0207 35 63 00, 0207 36 61 00 и 0207 36 63 00; парчиња живина кои се состојат од бутна коска, листна коска и фибула заедно со мускулатурата околу нив. Двете сечења треба да се направени кај зглобовите;

(е) "карабатаци од мисирка", од тар. ознаки 0207 26 60 00 и 0207 27 60 00: парчиња од мисирка кои содржат цеваница и фибула заедно со мускулатурата околу нив. Двете сечења треба да се направени кај зглобовите;

(ж) "нозе од мисирка, кои не се карабатаци", од тар. ознаки 0207 26 70 00 и 0207 27 70 00: парчиња од мисирка кои содржат бутна коска заедно со мускулатурата околу неа или бутна коска, листна коска и фибула заедно со мускулатурата околу нив. Двете сечења треба да се направени кај зглобовите;

(з) "обескостено месо (кошулка) од гуска или од патка", од тар. ознаки 0207 35 71 00 и 0207 36 71 00: гуски и патки со извадени внатрешници, искубени и целосно исчистени, без глави или нозе, со отстранување на коските од трупот (градна коска, ребра, ѓрбет и крсна коска), но со бутна коска, листна коска и лактна коска.

5. (а) Неварени зачинети меса припаѓаат во Глава 16. "зачинето месо" е неварено месо, зачинето одвнатре или по целата површина на производот што може да се види или со голо око или да се вкуси.

(б) Производите кои припаѓаат на тар. број 0210 кои се зачинуваат во процесот на подготвување остануваат класифицирани во таа глава, само ако додавањето на зачинот не го менува нивниот карактер.

6. Во тар. број 0210, термините "месо и јастиви делови посолени, во саламура", претставува месо и јастиви делови хомогенизирани и внатрешно посолени, вкупната содржина на сол изнесува не помалку од 1,2% по маса.

Тар. озн.	Наименување	Цар. стапка %	Ед. мер.
(1)	(2)	(3)	(4)
0201	**Месо говедско, свежо или разладено:**		
0201 10 00 00	**-Трупови и полутки**	15+0,05 eур/кг max.18	кг
0201 20	**-Други парчиња со коски:**		
0201 20 20 00	--Компензирани четврти	15+0,05 eур/кг max.18	кг
0201 20 30 00	--Неодвоени или одвоени предни четврти	15+0,05 eур/кг max.19	кг
0201 20 50 00	--Неодвоени или одвоени задни четврти	15+0,05 eур/кг max.18	кг
0201 20 90 00	--Други	15+0,05 eур/кг max.20	кг
0201 30 00 00	**-Без коски**	15+0,05 eур/кг max.19	кг
0202	**Месо говедско, замрзнато:**		
0202 10 00 00	**-Трупови и полутки**	13+0,05 eур/кг max.15	кг
0202 20	**-Други парчиња со коски:**		
0202 20 10 00	--Компензирани четврти	11+0,05 eур/кг max.15	кг
0202 20 30 00	--Неодвоени или одвоени предни четврти	12+0,05 eур/кг max.15	кг

0202 20 50 00	--Неодвоени или одвоени задни четврти	12+0,05 eур/кг	
0202 20 90 00	--Други	max.15	кг
		12+0,05 eур/кг	
0202 30	**-Без коски:**	max.15	кг
0202 30 10 00	--Предни четврти, цели или сечени најмногу на пет парчиња, секоја четврт да претставува една целина; компензирани четврти во две парчиња,едно кое содржи предна четврт, цела или сеченанајмногу на пет парчиња, и друга, задна четврт, исклучувајќи ја печеницата во еден дел	12+0,05 eур/кг	
0202 30 50 00	--Сечени говедски делови меѓу вратот и ребрата	max.15	кг
		11+0,05 eур/кг	
0202 30 90 00	--Друго	max.15	кг
		11+0,05 eур/кг	
0203	**Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато:**	max.15	кг
	-Свежо или разладено:		
0203 11	**--Трупови и полутки:**		
0203 11 10 00	---Од домашни свињи	5+0,43 eур/кг	
0203 11 90 00	---Други	max.36	кг
		5+0,43 eур/кг	
0203 12	**--Бутови, плешки и парчиња од нив, со коски:**	max.40	кг
	---Од домашни свињи:		
0203 12 11 00	----Бутови и парчиња од нив	5+0,43 eур/кг	
0203 12 19 00	----Плешки и парчиња од нив	max.32	кг
		5+0,43 eур/кг	
0203 12 90 00	---Други	max.54	кг
		5+0,43 eур/кг	
0203 19	**--Друго:**	max.30	кг
	---Од домашни свињи:		
0203 19 11 00	----Предни делови и парчиња од нив	5+0,43 eур/кг	
0203 19 13 00	----Слабини и парчиња од нив, со коски	max.45	кг
		5+0,43 eур/кг	
0203 19 15 00	----Трбушнини и парчиња од нив	max.49	кг
		5+0,43 eур/кг	
	----Друго:	max.48	кг
0203 19 55 00	-----Без коски	5+0,43 eур/кг	
0203 19 59 00	-----Друго	max.25	кг
		5+0,43 eур/кг	
0203 19 90 00	---Друго	max.33	кг
		5+0,43 eур/кг	
	-Замрзнато:	max.33	кг
0203 21	**--Трупови и полутки:**		
0203 21 10 00	---Од домашни свињи	0,43 eур/кг	
0203 21 90 00	---Други	max.33	кг
		0,43 eур/кг	
0203 22	**--Бутови, плешки и парчиња од нив, со коски:**	max.23	кг
	---Од домашни свињи:		
0203 22 11 00	----Бутови и парчиња од нив	0,36 eур/кг	
0203 22 19 00	----Плешки и парчиња од нив	max.25	кг
		0,43 eур/кг	
0203 22 90 00	---Други	max.25	кг
		0,42 eур/кг	
		max.25	кг

0203 29	--**Друго:**		
	---Од домашни свињи:	0,43	
0203 29 11 00	----Предни делови и парчиња од нив	еур/кг max.25	кг
0203 29 13 00	----Слабини и парчиња од нив, со коски	0,43 еур/кг max.27	кг
0203 29 15 00	----Трбушнини и парчиња од нив	0,43 еур/кг max.39	кг
	----Друго:		
0203 29 55 00	-----Без коски	0,43 еур/кг max.19	кг
0203 29 59 00	-----Друго	0,43 еур/кг max.25	кг
0203 29 90 00	---Друго	0,39 еур/кг max.25	кг
0204	**Месо овчо или козјо, свежо, разладено или замрзнато:**		
0204 10 00 00	**-Трупови и полутки, јагнешки свежи или разладени**	30	кг
	-Друго месо овчо, свежо или разладено:		
0204 21 00 00	**--Трупови и полутки**	30	кг
0204 22	**--Други парчиња со коски:**		
0204 22 10 00	---Кратки предни четврти	30	кг
0204 22 30 00	---Месо од ѓрбет и/или крајот од реброто од врат	30	кг
0204 22 50 00	---Нозе	30	кг
0204 22 90 00	---Друго	30	кг
0204 23 00 00	**--Без коски**	30	кг
0204 30 00 00	**-Трупови и полутки јагнешки, замрзнати**	30	кг
	-Друго месо овчо, замрзнато:		
0204 41 00 00	**--Трупови и полутки**	30	кг
0204 42	**--Други парчиња со коски:**		
0204 42 10 00	---Кратки предни четврти	30	кг
0204 42 30 00	---Месо од ѓрбет и/или крајот од реброто од врат	30	кг
0204 42 50 00	---Нозе	30	кг
0204 42 90 00	---Друго	30	кг
0204 43	--**Без коски:**	30	кг
0204 43 10 00	---Од јагне	30	кг
0204 43 90 00	---Друго		
0204 50	**-Месо, козјо:**		
	--Свежо или разладено:	35	кг
0204 50 11 00	---Трупови и полутки	35	кг
0204 50 13 00	---Кратки предни четврти	35	кг
0204 50 15 00	---Месо од ѓрбет и/или крајот од реброто од врат	35	кг
0204 50 19 00	---Нозе		
	---Друго:	35	кг
0204 50 31 00	----Парчиња со коски	35	кг
0204 50 39 00	----Парчиња без коски		
	--Замрзнато:	35	кг
0204 50 51 00	---Трупови и полутки	35	кг
0204 50 53 00	---Кратки предни четврти	35	кг
0204 50 55 00	---Месо од ѓрбет и/или крајот од реброто од врат	35	кг
0204 50 59 00	---Нозе		
	---Друго:	35	кг
0204 50 71 00	----Парчиња со коски	35	кг
0204 50 79 00	----Парчиња без коски		
0205 00	**Месо коњско, магарешко и од мулиња или маски, свежо, разладено или замрзнато:**		
	-Коњско месо:	сл	кг
0205 00 11 00	--Свежо или разладено	сл	кг
0205 00 19 00	--Замрзнато	сл	кг
0205 00 90 00	-Месо од магарења, мулиња или маски		
0206	**Јастиви делови од говеда, свињи, овци, кози, коњи, магарења, мулиња или маски, свежи, разладени или замрзнати:**		
0206 10	**-Од животни од видот говеда, свежи или разладени:**		
0206 10 10 00	--За производство на фармацевтски производи	5	кг
	--Друго:	5	кг
0206 10 91 00	---Џигери	5	кг
0206 10 95 00	---Тенки кошулици и дебели кошулици	5	кг
0206 10 99 00	---Друго		
	-Од животни од видот говеда, замрзнати:	5	кг
0206 21 00 00	**--Јазици**	5	кг
0206 22 00 00	**--Џигери**		
0206 29	**--Друго:**		

0206 29 10 00	---За производство на фармацевтски производи	8	кг
	---Друго:		
0206 29 91 00	----Тенки кошулици и дебели кошулици	8	кг
0206 29 99 00	----Друго	8	кг
0206 30	**-Од свињи, свежи или разладени:**		
	--Од домашни свињи:		
0206 30 20 00	---Џигери	5	кг
0206 30 30 00	---Друго	5	кг
0206 30 80 00	--Друго	5	кг
	-Од свињи, замрзнати:		
0206 41	**--Џигери:**		
0206 41 20 00	---Од домашни свињи	5	кг
0206 41 80 00	---Друго	5	кг
0206 49	**--Друго:**		
0206 49 20 00	---Од домашни свињи	5	кг
0206 49 80 00	---Друго	5	кг
0206 80	**-Друго, свежо или разладено:**		
0206 80 10 00	--За производство на фармацевтски производи	5	кг
	--Друго:		
0206 80 91 00	---Од коњи, магарења, маски и мулиња	5	кг
0206 80 99 00	---Од овци или кози	5	кг
0206 90	**-Друго, замрзнато:**		
0206 90 10 00	--За производство на фармацевтски производи	5	кг
	--Друго:		
0206 90 91 00	---Од коњи, магарења, маски и мулиња	5	кг
0206 90 99 00	---Од овци или кози	5	кг
0207	**Месо и јадливи делови, од живина од тар. број 0105, свежи, разладени или замрзнати:**		
	-Од домашна живина од видот Gallus domesticus:		
0207 11	**--Несечено во парчиња, свежо или разладено:**		
0207 11 10 00	---Оголени, со глави и нозе, познати како 83% кокошки	15+0,1 eур/кг	
0207 11 30 00	---Оголени, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 70% кокошки	max.22	кг
		15+0,1 eур/кг	
0207 11 90 00	---Оголени, без глави и нозе и без вратови, срца, џигери и желудници, познати како 65% кокошки, или поинаку испорачани	max.22	кг
		15+0,1 eур/кг	
0207 12	**--Несечено во парчиња, замрзнато:**	max.22	кг
0207 12 10 00	---Оголени, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 70% кокошки	24	кг
0207 12 90 00	---Оголени, без глави и нозе и без вратови, срца, џигери и желудници, познати како 65% кокошки, или поинаку испорачани	24	кг
0207 13	**--Парчиња и јадливи делови, свежи или разладени:**		
	---Парчиња:		
0207 13 10 00	----Без коски	15+0,1 eур/кг	
	----Со коски:	max.29	кг
0207 13 20 00	-----Половини или четврти	15+0,1 eур/кг	
0207 13 30 00	-----Цели крила, со или без врвови	max.29	кг
		15+0,1 eур/кг	
0207 13 40 00	-----Грбови, вратови, грбови со вратови, задни делови и врвови на крила	max.29	кг
		15+0,1 eур/кг	
0207 13 50 00	-----Гради и парчиња од нив	max.29	кг
		15+0,1 eур/кг	
0207 13 60 00	-----Копани и парчиња од нив	max.29	кг
		15+0,1 eур/кг	
0207 13 70 00	-----Друго	max.29	кг
		15+0,1 eур/кг	
	---Јадливи делови:	max.29	кг
0207 13 91 00	----Џигери	15+0,1 eур/кг	
0207 13 99 00	----Друго	max.29	кг
		15+0,1 eур/кг	
0207 14	**--Парчиња и јадливи делови, замрзнати:**	max.29	кг
	---Парчиња:		

0207 14 10 00	----Без коски	27	кг
	----Со коски:	27	кг
0207 14 20 00	-----Половини или четврти	27	кг
0207 14 30 00	-----Цели крила, со или без врвови	27	кг
0207 14 40 00	-----Грбови, вратови, грбови со вратови, задни делови и врвови на крила	27	кг
0207 14 50 00	-----Гради и парчиња од нив	27	кг
0207 14 60 00	-----Копани и парчиња од нив	27	кг
0207 14 70 00	-----Друго	27	кг
	---Јастиви делови:	27	кг
0207 14 91 00	----Џигери	27	кг
0207 14 99 00	----Друго		
	-Од мисирки:		
0207 24	**--Несечено во парчиња, свежо или разладено:**	17,5	кг
0207 24 10 00	---Оголени, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 80% мисирки	17,5	кг
0207 24 90 00	---Оголени, без глави и нозе и без вратови, срца, џигери и желудници, познати како 73% мисирки, или поинаку испорачани	17,5	кг
0207 25	**--Несечено во парчиња, замрзнато:**	17,5	кг
0207 25 10 00	---Оголени, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 80% мисирки	17,5	кг
0207 25 90 00	---Оголени, без глави и нозе и без вратови, срца, џигери и желудници, познати како 73% мисирки, или поинаку испорачани		
0207 26	**--Парчиња и јастиви делови, свежи или разладени:**		
	---Парчиња:	17,5	кг
0207 26 10 00	----Без коски	17,5	кг
	----Со коски:	17,5	кг
0207 26 20 00	-----Половини или четврти	17,5	кг
0207 26 30 00	-----Цели крила, со или без врвови	17,5	кг
0207 26 40 00	-----Грбови, вратови, грбови со вратови, задни делови и врвови на крила	17,5	кг
0207 26 50 00	-----Гради и парчиња од нив		
	-----Копани и парчиња од нив:	17,5	кг
0207 26 60 00	------Карабатаци и парчиња од нив	17,5	кг
0207 26 70 00	------Друго	17,5	кг
0207 26 80 00	-----Друго		
	---Јастиви делови:	17,5	кг
0207 26 91 00	----Џигери	17,5	кг
0207 26 99 00	----Друго		
0207 27	**--Парчиња и јастиви делови, замрзнати:**		
	---Парчиња:	17,5	кг
0207 27 10 00	----Без коски	17,5	кг
	----Со коски:	17,5	кг
0207 27 20 00	-----Половини или четврти	17,5	кг
0207 27 30 00	-----Цели крила, со или без врвови	17,5	кг
0207 27 40 00	-----Грбови, вратови, грбови со вратови, задни делови и врвови на крила	17,5	кг
0207 27 50 00	-----Гради и парчиња од нив		
	-----Копани и парчиња од нив:	17,5	кг
0207 27 60 00	------Карабатаци и парчиња од нив	17,5	кг
0207 27 70 00	------Друго	17,5	кг
0207 27 80 00	-----Друго		
	---Јастиви делови:	17,5	кг
0207 27 91 00	----Џигери	17,5	кг
0207 27 99 00	----Друго		
	-Од пајки, гуски или морки:		
0207 32	**--Несечено во парчиња, свежо или разладено:**		
	---Од пајки:	17,5	кг
0207 32 11 00	----Оголени, со глави и нозе, познати како 85% пајки	17,5	кг
0207 32 15 00	----Оголени, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 70% пајки	17,5	кг
0207 32 19 00	----Оголени, без глави и нозе и без вратови, срца, џигери и желудници, познати како 63% пајки, или поинаку испорачани		
	---Од гуски:	17,5	кг
0207 32 51 00	----Оголени, со глави и нозе, познати како 82% гуски	17,5	кг
0207 32 59 00	----Оголени, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 75% гуски, или поинаку испорачани	17,5	кг
0207 32 90 00	---Од морки		
0207 33	**--Несечено во парчиња, замрзнато:**		
	---Од пајки:	17,5	кг
0207 33 11 00	----Оголени, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 70% пајки	17,5	кг
0207 33 19 00	----Оголени, без глави и нозе и без вратови, срца, џигери и желудници, познати како 63% пајки, или поинаку испорачани		
	---Од гуски:	17,5	кг
0207 33 51 00	----Оголени, со глави и нозе, познати како 82% гуски	17,5	кг
0207 33 59 00	----Оголени, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 75% гуски, или поинаку испорачани		
0207 33 90 00	---Од морки	17,5	кг
0207 34	**--Мрсни џигери, свежи или разладени:**	17,5	кг
0207 34 10 00	---Од гуски	17,5	кг
0207 34 90 00	---Од пајки		
0207 35	**--Друго, свежо или разладено:**		

	---Парчиња:		
	----Без коски:		
0207 35 11 00	-----Од гуски		
0207 35 15 00	-----Од пајки и морки	17,5	кг
	----Со коски:	17,5	кг
	-----Половини или четврти:		
0207 35 21 00	------Од пајки		
0207 35 23 00	------Од гуски	17,5	кг
0207 35 25 00	------Од морки	17,5	кг
0207 35 31 00	-----Цели крила, со или без врвови	17,5	кг
0207 35 41 00	-----Грбови, вратови, грбови со вратови, задни делови и врвови на крила	17,5	кг
	-----Гради и парчиња од нив:	17,5	кг
0207 35 51 00	------Од гуски		
0207 35 53 00	------Од пајки и морки	17,5	кг
	-----Копани и парчиња од нив:	17,5	кг
0207 35 61 00	------Од гуски		
0207 35 63 00	------Од пајки и морки	17,5	кг
0207 35 71 00	-----Обескостено месо (кошулка) од гуска или од пајка	17,5	кг
0207 35 79 00	-----Друго	17,5	кг
	---Јастиви делови:	17,5	кг
0207 35 91 00	----Џигери, освен мрсни џигери		
0207 35 99 00	----Друго	17,5	кг
0207 36	**--Друго, замрзнато:**	17,5	кг
	---Парчиња:		
	----Без коски:		
0207 36 11 00	-----Од гуски		
0207 36 15 00	-----Од пајки и морки	17,5	кг
	----Со коски:	17,5	кг
	-----Половини или четврти:		
0207 36 21 00	------Од пајки		
0207 36 23 00	------Од гуски	17,5	кг
0207 36 25 00	------Од морки	17,5	кг
0207 36 31 00	-----Цели крила, со или без врвови	17,5	кг
0207 36 41 00	-----Грбови, вратови, грбови со вратови, задни делови и врвови на крила	15	кг
	-----Гради и парчиња од нив:	15	кг
0207 36 51 00	------Од гуски		
0207 36 53 00	------Од пајки и морки	15	кг
	-----Копани и парчиња од нив:	15	кг
0207 36 61 00	------Од гуски		
0207 36 63 00	------Од пајки и морки	15	кг
0207 36 71 00	-----Обескостено месо (кошулка) од гуска или од пајка	15	кг
0207 36 79 00	-----Друго	15	кг
	---Јастиви делови:	15	кг
	----Џигери:		
0207 36 81 00	-----Мрсни џигери од гуска		
0207 36 85 00	-----Мрсни џигери од пајки	15	кг
0207 36 89 00	-----Друго	15	кг
0207 36 90 00	----Друго	15	кг
0208	**Друго месо и јастиви месни делови, свежи, разладени или замрзнати:**	15	кг
0208 10	**-Од питоми или диви зајаци:**		
	--Од питоми зајаци:		
0208 10 11 00	---Свежи или разладени		
0208 10 19 00	---Замрзнати	5	кг
0208 10 90 00	--Друго	5	кг
0208 20 00 00	**-Жабји копани**	5	кг
0208 30 00 00	**-Од примати**	5	кг
0208 40	**-Од китови, делфини и морски прасиња (цицачи од видот Cetacea); морски крави (цицачи од видот Sirenia):**	5	кг
0208 40 10 00	--Месо од кит		
0208 40 90 00	--Друго	5	кг
0208 50 00 00	**-Од влекачи (вклучувајќи змии и желки)**	5	кг
0208 90	**-Друго:**	5	кг
0208 90 10 00	--Од домашни гулаби		
	--Од дивеч, освен од питоми или диви зајаци:	5	кг
0208 90 20 00	---Од препелици		
0208 90 40 00	---Друго	5	кг
0208 90 55 00	--Месо од фоки	5	кг
0208 90 60 00	--Од ирваси	5	кг
0208 90 95 00	--Друго	5	кг
0209 00	**Свинско сало, исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени:**	5	кг
	-Поткожно свинско сало:		
0209 00 11 00	--Свежо, разладено, замрзнато, солено или во саламура	0,22 eур/кг	
0209 00 19 00	--Сушено или чадено	max.30 10+0,3 eур/кг max.22	кг

0209 00 30 00	-Свинско сало, освен она од тар. број 0209 00 11 00 или 0209 00 19 00	10	кг
0209 00 90 00	-Живинско сало	10	кг
0210	**Месо и јастиви месни делови , солени, во саламура, сушени или чадени; јастиво брашно и прав од месо или од јастиви месни делови:**		
	-Месо свинско:		
0210 11	**--Бутови, плешки и други парчиња од нив, со коски:**		
	---Од домашни свињи:		
	----Солени или во саламура:		
0210 11 11 00	-----Бутови и парчиња од нив	15	кг
0210 11 19 00	-----Плешки и парчиња од нив	15	кг
	----Сушени или чадени:		
0210 11 31 00	-----Бутови и парчиња од нив	15	кг
0210 11 39 00	-----Плешки и парчиња од нив	15	кг
0210 11 90 00	---Друго	15	кг
0210 12	**--Потрбушнини и парчиња од нив:**		
	---Од домашни свињи:		
0210 12 11 00	----Солени или во саламура	15	кг
0210 12 19 00	----Сушени или чадени	15	кг
0210 12 90 00	---Друго	15	кг
0210 19	**--Друго:**		
	---Од домашни свињи:		
	----Солени или во саламура:		
0210 19 10 00	-----Половинки сланина без месо	15	кг
0210 19 20 00	-----Тричетвртински страни или средни делови	15	кг
0210 19 30 00	-----Краеви и парчиња од нив	15	кг
0210 19 40 00	-----Бедра и парчиња од нив	15	кг
	-----Друго:		
0210 19 51 00	------Без коски	15	кг
0210 19 59 00	------Друго	15	кг
	----Сушено или чадено:		
0210 19 60 00	-----Краеви и парчиња од нив	15	кг
0210 19 70 00	-----Бедра и парчиња од нив	15	кг
	-----Друго:		
0210 19 81 00	------Без коски	15	кг
0210 19 89 00	------Друго	15	кг
0210 19 90 00	---Друго	15	кг
0210 20	**-Месо, говедско:**		
0210 20 10 00	--Со коски	15	кг
0210 20 90 00	--Без коски	15	кг
	-Друго, вклучувајќи јастиво брашно и прав од месо и од јастиви месни делови:		
0210 91 00 00	**--Од примати**	5	кг
0210 92 00 00	**--Од китови, делфини и морски прасиња (цицачи од видот Cetacea); морски лавови и дагани (цицачи од видот Sirenia)**	5	кг
0210 93 00 00	**--Од влекачи (вклучувајќи змии и желки)**	5	кг
0210 99	**--Друго:**		
	---Месо:		
0210 99 10 00	----Од коњи, солено, во саламура или чадено	5	кг
	----Од овци и кози:		
0210 99 21 00	-----Со коски	5	кг
0210 99 29 00	-----Без коски	5	кг
0210 99 31 00	----Од ирваси	5	кг
0210 99 39 00	----Друго	5	кг
	---Јастиви делови:		
	----Од домашни свињи:		
0210 99 41 00	-----Џигери	5	кг
0210 99 49 00	-----Друго	5	кг
	----Од животни од видот говеда:		
0210 99 51 00	-----Тенки кошулки и дебели кошулки	5	кг
0210 99 59 00	-----Друго	5	кг
0210 99 60 00	----Од овци и кози	5	кг
	----Друго:		
	-----Џигер од живина:		
0210 99 71 00	------Мрсни џигери од гуски или пајки, солени или во саламура	5	кг
0210 99 79 00	------Друго	5	кг
0210 99 80 00	-----Друго	5	кг
0210 99 90 00	---Јастиво брашно и прав од месо или други јастиви делови	5	кг

ГЛАВА 3

РИБИ, ЧЕРУПКАРИ, МЕКОТЕЛЦИ И ДРУГИ ВОДНИ БЕЗ'РБЕТНИЦИ

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

(а) цицачи од тар. број 0106;

(б) месо од цицачи од тар. број 0106 (тар. број 0208 или 0210);

(в) риби (вклучувајќи нивни џигери и икра) или черупкари, мекотелци и други водни без'рбетници, мртви и неупотребливи за човечка исхрана, било поради нивниот вид или состојбата во која се (Глава 5); брашно, гриз и пелети од риби или од черупкари, мекотелци и други водни без'рбетници, неупотребливи за човечка исхрана (тар. број 2301); или

(г) кавијар или замени за кавијар приготвени од рибини јајца (тар. број 1604).

2. Во оваа глава под поимот "пелети" се подразбираат производи што се агломерирани било директно со компресија или со додавање на мало количество врзивно средство.

Тар. озн.	Наименување	Цар. стапка %	Ед. мер.
(1)	(2)	(3)	(4)
0301	**Риби, живи:**		
0301 10	**-Украсни риби:**		
0301 10 10 00	--Слатководни	16	п
0301 10 90 00	--Морски	16	п
	-Други риби, живи:		
0301 91	**--Пастрмки (Salmo trutta, Oncorhynchus mykiss, Oncorhynchus clarki, Oncorhynchus aguabonita, Oncorhynchus gilae, Oncorhynchus apache, Oncorhynchus chrysogaster):**		
0301 91 10 00	---Од видот Oncorhynchus apache и Oncorhynchus chrysogaster	18,3+0,41 еур/кг	кг
0301 91 90 00	---Друго	18,3+0,41 еур/кг	кг
0301 92 00 00	--Јагули (Anguilla spp.)	16	кг
0301 93 00 00	--Крап	18,8+0,41 еур/кг	кг
